КОЛУМНА

# За Ањезе

О Господе, направи од мене средство на мирот Твој, така што таму каде што има омраза, да носам љубов; таму каде што има неправда да го носам духот на прошката; таму каде што има кавга, да носам хармонија; таму кај што има грешки да ја носам вистината, вели во една од своите молитви Блажената Мајка Тереза.

И откако секој човек ќе ги препознае толку возвишените желби кажани на толку едноставен начин, не може, а да не се запраша себеси како е можно од една фигура од светски размери, како што е Мајка Тереза, кај нас да се прави раздор. Каква е таа овдешна лоша способност големите, универзални личности да ги мериме со каприциозноста и малициозноста на дневните интереси и политики. Каква е таа лоша способност од фигура на човек, кој бара понизно да биде господово средство за ширење љубов, хармонија и разбирање помеѓу луѓето, да правиме кавги и недоразбирања.

Мислам дека сиве овие години, преку сите активности што се преземаат во Македонија, а кои се однесуваат на Мајка Тереза, се препознава тенденција на игнорирање, па и исклучување, на етничката припадност и етничкиот идентитет на Мајка Тереза, тенденција што иритира. Општо познато е дека Мајка Тереза е Албанка од Скопје, Албанка од Македонија, со католичко-христијанска вероисповед и крстена во една од најстарите католички цркви на Балканот, црква заснована на традицијата на основоположниците на албанската црковна литература, Андреа и Пјетр Богдани.

И тоа инсистирање на прикажување на нејзиниот идентитет, без да се истакнат нејзиниот етнос и традиција, туку само да се идентификува како скопјанка, ги прави многу смешни, јадни и бедни таквите што посакуваат да ја избришат личната историја на Мајка Тереза, која почнува од Ањезе Бојаџиу. На таквите тешко им паѓа да ја претставаат Мајка Тереза и како нобеловец за мир, и како Албанка, и како христијанка, и како жена и како жителка на Скопје. И навистина Мајка Тереза, е повеќе од Албанка, скопјанка или Балканка. Таа целиот свој живот го помина за да им помогне на децата кои биле многу далеку од нашите простори. Мајка Тереза навистина е повеќе од христијанка, затоа што со своето разбирање на универзалниот лик на Господ најмногу им помогнала на луѓето кои, впрочем, и не биле христијани, и сето тоа го направила заради љубовта спрема Господ.

Да мереше Мајка Тереза според мерката на овие сиромашни во духот Балканци, ќе си седеше дома во Скопје и ќе им помагаше само на „своите“. Но, Мајка Тереза за свои ги сметаше сите деца, сите сиромашни. Мајка Тереза ги надмина бариерите на јазикот, етносот и расата и затоа таа е голема и света личност, без разлика на тоа што толку многу се обидуваат да ја намалат тие кои поради својата маленкост не се во состојба да се помират со фактот дека нејзините корени сепак се албански.



ТЕУТА АРИФИ

**Мајка Тереза ги надмина бариерите на јазикот, етносот и расата и затоа таа е голема и света личност, без разлика на тоа што толку многу се обидуваат да ја намалат тие што поради својата маленкост не се во состојба да се помират со фактот дека нејзините корени сепак се албански. А втора работа е тој кич од куќа среде Скопје, наречен Дом на Мајка Тереза**

А втора работа е тој кич од куќа среде Скопје, наречен Дом на Мајка Тереза, на кој му фали сѐ што Мајка Тереза рефлектираше како вредност: скромност и понизност. Мајка Тереза е личност што живеела во многу скромен дом и својата храна ја делела со сиромашните. Создаде посебен ред на монахињи и го облече белиот сари како облека на сиромашните. Мајка Тереза е жената

што побара да се откаже банкетот организиран во нејзина чест од страна на Нобеловиот комитет. По тој повод кажа дека со таа храна може да прехрани многу гладни усти. Мајка Тереза беше жената што кога се врати во Индија го собра јадењето, целото јадење од банкетот организиран за нејзин пречек, и храната ги собра и министрите и ги однесе сосе храната во сиромашниот кварт Нирмал Хридеј, за да ги нахранат нејзините штитеници. Затоа што никој како неа не знаеше колку може сиромаштијата да го разори човекот и да го остави без верба и достоинство. Таа беше олицетворение на љубовта и достоинството како надеж дека сепак има една човечка рака и за тие што животот го поминуваат во длабока сиромаштија, а во светот тие се сепак помногубројни.

Тој кич среде Скопје, кој не е изграден ниту таму каде што бил нејзиниот роден дом, не може да нѐ потсетува на овие големи вредности на понизноста, милоста и скромноста, туку само покажува колку карикатурално може да ги разберат овие вредности локалните лидери и уметници, чие име и слава не може да го поминат ни Табановци, а камоли да стигнат до Калкута или Стокхолм.

На прашањето зошто не се занимава со политика, Мајка Тереза вели: Ако се вплеткам во политиката повеќе нема да љубам. Затоа што ќе бидам само со едни, а не со сите луѓе. А тоа е различно. И навистина е различно. Нејзината љубов изјавена кон Бога е инспиративна, нејзиното пожртвувано служење на човекот како битие ја прави центар на хуманиот универзум. Универзум што не може да го разберат оние што и од најголемите вредности и ликови на својата земја можат да предизвикаат само мали комшиски кавги.